**САМУИЛОВАТА ДРЖАВА**

Како резултат на јакнењето на Бугарија, во IX и X век, поголемиот дел од македонската територија бил освоен од Бугарија и влегол во составот на бугарската држава. Само градот Солун, Халкидик, Серската околина и македонските острови останале и понатаму во Византија.

Искористувајќи ја смртта на бугарскиот цар Петар (во 967год.) и зафатеноста на Бугарија во војните со Киевска Русија и Византија, четворицата синови на кнезот Никола, комитопулите Давид, Арон, Мојсеј и Самуил, кренале востание во 969 година против бугарската власт. Востанието било кренато во областа на поранешната склавинијата Берзитија. Било успешно и за брзо време се воспоставила самостојна политичка, воена и црковна власт во Македонија, те. се создала Македонската средновековна држава.

Државата била тетрархија, на чело на државата биле четворицата браќа Давид, Арон, Мојсеј и Самуил. Престолнината била во градот Преспа на островот Ахил во Преспанското езеро.

Во 971 година Византија значително зајакната ја поразила Бугарија и ги заробила бугарскиот цар Борис II и брат му Роман, а исто така и ги истиснала русите од балканските територии. Византија ја воспоставила својата директна власт и во Рашка, но не и во Македонија каде власта и понатаму ја имале четворицата браќа. Тие ја признале врховната власт на Византија со што ја зачувале својата држава како зависна од византиската. Дури и двајца од браќата, во 973 год. отишле на франкскиот двор што претставува своевидна промоција на новата држава.

Но желбата за самостојност и независнот од Византија била голема па четворицата браќа во 976 година кренале ново востание, овојпат против Византија.

Востанието било успешно, врховната византиска власт била отфрлена и територијата била проширена до Серез и во горниот тек на р.Струма.

Истата година на власт во Македонија останал само Самуил. Давид бил убиен од власи скитници во Преспанско, Мојсеј загинал во борбите со византијците кај Серез, Арон (кому Византија му ветувала самостојна власт) бил убиен од брат му Самуил. Со тоа Македонската држава станала монархија на чело со Самуил.

Останувајќи на власт самостојно, Самуил ја зајакнал својата војска, проценил дека Византија е зафатена во војните со Арабјаните и започнал да освојува нови територии и да ја шири територијата на својата држава. Така во 985 година го

освоил главниот тесалиски град Лариса а во составот на Самуиловата држава влегле и територии од Грција и територии јужно од реката Дунав до Црно море.

Византиските војски во битките со самуиловите војски ределе порази кај градот Сердика (денес Софија) и кај Трајановата Порта (во 986г.) каде и самиот Василиј едвај успеал да се спаси.

Во 987 год. Самуил со војските започнале освојувачки поход на север и северозапад и ги освоиле Дукља, Рашка, Босна и Далмација со што Самуиловата држава го достигнала максимумот на својата моќ и територија. (Види карта на стр.156)

Кон крајот на X$^{ти}$ век, Самуил заедно со син му Гавил Радомир и нивната војска нападнале на јужните балкански територии кон полуостровот Пелопонез. Но во 996 година кај реката Сперхеј биле изненадени од византиска војска и поразени. Во битката биле ранети Самуил и син му, но успеале да се спасат и да се повлечат кон Преспа.

Самуил напоредно со војувањето стапил во преговори со Папата Григориј V од кого македонската црква била издигната во ранг на Патријаршија. Во присуство на папски пратеници, преспанскиот поглавар Герман во црквата св.Ахил го крунисал Самуил за цар. Со тоа самуиловата држава станува ЦАРСТВО.

Византискиот император Василиј II  ги засилил нападите против Самуиловото царство, кое од ден на ден губело дел по дел од териториите. Самуиловото царство војувало со Унгарија на север и во почетокот на XI век унгарците ги имале освоено северните области.  Византијците во содејство со унгарците во 1004 година го освоиле и Скопје. Во исто време Самуил бил притиснат од сите страни и не можел да се брани. Се гледал крајот на неговото царство.

Решавачката битка се случила во 1014 година кај планината Беласица. Претпоставувајќи од каде ќе нападне Василиј II со војската (кај селото Клуч), самуиловата војска направила дрвена ограда – дема, која византијците не можеле да ја поминат. Затоа тие ја заобиколиле Беласица и нападнале на самуиловата војска од зад грб. На 29 јули 1014 се случила кобната битка во која на 14000/15000 самуилови војници им биле извадени очите.

Потресен од овој пораз, Самуил поживеал уште два месеци и умрел.

По неговата смрт на престолот застанал син му Гаврил Радомир кој во 1015 год. бил убиен од братучед му Јован Владислав. Во 1018 година Јован Владислав загинал во борбите со Византија кај Драч со што средновековната македонска (Самуилова) држава потпаднала под византиска власт.